РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: г

Бр. 03-15

Скопје 29.05.2020г.

**Предмет**: **Одговор на претставка бр.03-15 од 29.05.2020 година**

Почитуван,

Во врска со Вашата претставка, во која го изнесувате Вашиот став дека ТВ Сител го прекршила член 75-д од Изборниот законик со тоа што емитувала спот на партијата Интегра, Ве потсетуваме за следново:

Со Уредбата со законска сила на Владата на РСМ, бр. 44-2413/1 од 21.03.2020, за прекин на сите дејствија за спроведување на изборите и за сите прашања поврзани со изборниот процес, сите изборни дејствија се прекинати. Оттаму, членот 75-д, чијшто став 1 се однесува на забраната за емитување платено политичко рекламирање во периодот од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања, во моментов не се применува.

За емитувањето политичко рекламирање во овој период важат одредбите за рекламирање од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**